**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број. 09- 1254/2
13.11.2023 година
Скопје

| # ООУ „Братство“ – Скопје | |
|---|---|
| Конечен извештај од извршена интегрална евалуација | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | 30 и 31.10 и 01.11.2023 година |
| **Број на извештај:** | 20/Скопски /2023 година |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Нада Николова |
| **Вид на училиштето:** | Општинско основно училиште |
| **Подрачни/ дисперзирани паралелки** | 1 во с.Горно Нерези |
| **Основач на училиштето:** | Општина Карпош |
| **Наставен јазик:** | Македонски и албански наставен јазик |
| **Број на ученици:** | 731 |
| **Полова структура на ученици:** | 371 машки и 360 женски |
| **Број на наставници:** | 66 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Мухамед Рушити |
| **Вд Директор на училиштето:** | Јадранка Поповски |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 05, 06, 07 и 08. 03. 2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | ул.„Московска“ бр.18 |
| **Телефон:** | 02 3077 889 |
| **Факс:** | 02 3077 889 |
| **e-mail:** | ou_bratstvo@yahoo.com |
| **Веб страница** | www.ooubratstvo.edu.mk |
| **Оценка ИЕ** | **Добар (3,21)** |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 52/05, 81/08, 148/09, 57/10, 51/11, 24/13, 137/13, 164/13, 41/14 33/15, 145/15, 30/16) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006).

## Резиме

Во согласност со Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за Просветната инспекција на 30, 31.10 и 01.11.2023 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во ООУ„Братство“, Општина Карпош – Скопје.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ„Братство“ е **добар (3.21)[1].**

Реализацијата на наставните планови и програми обезбедува постигање на целите од националните стандарди и Концепцијата за основно образование. Училиштето има воспоставено процедури и користи повеќе различни начини и средства да ги информира сите структури за целите на наставните планови и програми што се реализираат. Училишениот инклузивен тим се грижи за инклузивните практики на ниво на училиште а инклузивниот тим за ученик во кој родителите се дел од тимот и се вклучени во изработка на индивидуалниот образовен план (ИОП), целосно се информирани. За инплементирање на инклузивното образование, училишето добива подршка и од ресурсен центар.

Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности во кои учениците се вклучуваат по сопствен избор вклучувајќи ги и заеднички воннаставни активности со партнер училиштето, со цел обезбедување меѓуетничка интеграција во образованието и градење соживот. Училиштето има развиен систем и во континуитет организира заеднички активности (наставни и воннаставни) со ученици од мешан етнички состав во рамките на училиштето. Учествуваат и учениците со ПОП.

На натпреварите на сите нивоа од воспитно образовен карактер, учениците имаат освоено поголем број награди.

Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според пол и етничка припадност по сите наставни предмети и за сите класификациони периоди по одделенија. Средниот успех за последните три учебни години нема значајни отстапувања и изнесува одличен (4,72).

Наставата се реализира согласно планирањата на наставниците изготвени според дидактички насоки од БРО а се следат со пропишани приоди и утврдени процедури за поддршка.од страна на директорот и стручната служба. Распоредот на часови овозможува максимална меѓуетничка соработка и комуникација меѓу учениците и наставниците.

Поголем број од наставниците користат разновидни форми и методи што соодветствуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење, со употреба на ИКТ, индивидуално или заедничка работа со целата паралелка, а поретко во парови или во групи. Наставниците главно користат исти приоди за сите ученици независно од индивидуалните способности за учење на учениците. Поретко применуваат наставни техники. Со учениците со ПОП, наставниците работат со примена на индивидуален образовен план. За целосна имплемнтација на Концепцијата за основно образование во наставниот процес, неопходно е доопремување на дел од училиниците со паметна (смарт) табла како што е предвидено со наставната програма. Застапеноста на интерактивната настава е добра. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во

1

Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:
Не задоволува,
Делумно задоволува,
Добро и
Многу добро.

наставата и главно нивниот придонес се почитува. Постои интеракција наставник - ученик, а во помала мера е застапена и интеракција ученик - ученик. Наставниците користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците. Застапено е формативно и сумативно оценување, кое кај поголем број на наставници е јавно и транспарентно.

Училишниот простор е безбеден. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во училишниот простор како и пишани документи за превенција од секаков вид насилство и однесување на сите структури и истите се почитуваат. Се води грижа за хигиената, квалитетот на храната и здравјето на учениците и вработените. Во училиштето се инплементира проектот “Училишта кој што го унапредуваат здравјето”.

Стручната служба и наставниците во училиштето се грижат за давање помош на учениците за избор на образовна установа за понатамошно образование со спроведување на поголем број активности. Учениците се запознаени со мрежата на средни училишта и условите за продолжување на школување.

Училиштето е инклузивно, безбедно и се грижи за здравјето на сите ученици, ја негува родовата еднаквост, мултикултурализмот, меѓуетничка интеграција, младинскиот активизам и го поттикнува учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Наставниот кадар ужива респект кај родителите а во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед. Училиштето ги зема во предвид мислењата и сугестиите на родителите.

Училишниот простор во целост ги исполнува условите за работа, како за учениците, така и за наставниците и другите вработени.

Воспитно - образовната дејност во училиштето ја реализираат 66 наставници од кои 3 наставника се несоодветни а ангажирани поради недостиг на соодветен кадар. Стручната служба е комплетна и подпомогната со 7 образовни асистенти вклучени во наставниот процес за децата со ПОП. Училиштето редовно врши обучување и мотивирање на наставниците за континуиран професионален развој утврден во Програма за професионален развој на наставниците.

Со училиштето управува одбор со мешан етнички состав. Донесува одлуки и работи во интерес на училиштето. Училишниот одбор го следи начинот на стекнување на средства, одлучува во рамките на своите надлежности за дополнително стекнување на средства и наменско трошење на буџетот. Активно учествува во креирањето политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето, меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество. Работата е транспарентна за сите структури.

Раководен орган на училиштето е вд директор со искуство на директор. Работи тимски со фокусирање на подобрување на воспитно образовен процес преку подобрување на условите во училштето и оспособување на наставниците во разни области преку обезбедување на обуки и работилници. Донесува одговорни одлуки и има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, вклучувајќи и способност да делегира, комуницира и раководи со вработените и нивниот развој.

Училиштето има договорни процедури за донесување на училишни политики. Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето, за инклузија, меѓуетничка интеграција во образованието, граѓански активизам, намалување на сите видови насилства во училиштата, намалување на семејното насилство, антикорупциска едукација на учениците, не дискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите.

За учебната 2023/2024 година, училиштето има изготвено Годишна програма за работа со дел.бр. 02-13/40 од 18.08.2023 година, усвоена од Училишниот одбор, од Советот на Општина Карпош.

Самоевалуација на училиштето бр. 02-217 од 13.02.2023 година не ги опфаќа целосни учебни години затоа што е изготвена на крај од прво полугодие. Програма за развој на училиштето со дел.бр. 02-120 од 14.12.2021 година опфаќа 4 години со важност до 2025 година

Во училиштето, со Решение бр.04-251 од 17.03.2021 година, формиран е инклузивен тим, составен од седум члена. Инклузивниот тим во континуитет соработува со родителите

на децата и истите ги вклучува при изработката на Индивидуалните образовни програми и го следи напредувањето на учениците со посебни образовни потреби.

За развивање и унапредување на сите форми на спортски активности, училиштето со Решение бр.30120170015234 од 23.05.2017 година донесено од Централниот регистар на РМ, има регистриран училишен спортски клуб „Братство 2017“ – Скопје и Решение Бр.08-2449/4 од 10.12.2019 година донесено од Агенција за млади и спорт на РСМ за вршење дејност спорт – училишен спорт. Училишниот спортски клуб е активен а е застапен спортот одбојка.

Училиштето има две партнер училишта. Има Меморандум за соработка со ООУ„Вера Цирвивири - Трена“ – Општина Карпош и Меморандум заведен со бр03-1379 од 17.11.2022 година со ООУ„Св. Кирил и Методиј“ – Општина Центар. Програмата нуди активности за запознавање со обичаите, културата и традицијата на другите народи. Училиштата тоа го постигнуваат преку меѓусебна реализација на заеднички активности.

## Карактеристики на училиштето

Општинското основно училиште „Братство“, е во Општина Карпош - Скопје, во чиј состав има подрачно основно училиште со една комбинирана паралелка во с. Горно Нерези.

Училиштето е основано со акт на Собрание на град Скопје со дел. бр. 05-52 од 17.08.1958 година, а воспитно - образовната дејност во тој период се реализирала во објект, со локација во с.Горно Нерези. Во 1964 година, на сегашната локација, со донации изградено е монтажно училиште, кое во 2012 година целосано е реновирано од страна на основачот, Општина Карпош. Училиштето со Решение бр.11-587/12 од 31.01.1986 година, е верифицирано за вршење на воспитно - образовна дејност, од страна Општински комитет за образование, култура и физичка култура при Собрание на Општина Карпош. Дејноста е регистрирана во Централен регистер со број 0805-50/150120230027462. Во Централното училиште се реализира настава во две смени, на македонски и албански наставен јазик, а во порачното училиште се реализира настава во една смена со паралелка на албански наставен јазик. Училиштето, својата дејност ја извршува во едноспратна зграда од тврда градба. Во состав на училишната зграда има и фискултурна сала.

Во ООУ„Братство“ во учебната 2023/2024 година, запишани се вкупно 731 ученици распоредени во 34 паралелки и една комбинирана во подрачното училиште. Во

централното основно училиште 304 ученици следат настава на македонски наставен јазик (16 паралелки), а 427 ученици, следат настава на албански наставен јазик (18 паралелки). Во подрачното основно училиште, во с. Горно Нерези 8 ученици, во комбинирана паралелка, следат настава на албански наставен јазик.

Централното основно училиште располага со 25 училници, 7 административни простории, 1 просторија за технички персонал, 1 просторија за хаусмајстор, 1 помошна просторија - остава, 1 библиотека, фискултурна сала со 1 помошна просторија, 7 санитарни јазли, од кои 4 се за ученици, 2 се за вработени во училиштето и еден е специјален тоалет за ученици со физички пречки. Подрачното училиште е објект од цврста градба, на две нивоа и истото располага со 2 училници, 1 библиотека, 1 наставничка канцеларија ,1 помошна просторија и 2 санитарни јазли.

Во училиштето, вработени се вкупно 80 лица. Воспитно - образовната работа ја реализираат вкупно 66 наставници, 32 македонци и 34 албанци (52 на неопределено и 14 на определено работно време), од кои 12 се мажи и 54 жени. 4 наставници се приправници и во училиштето има 1 наставник со звање ментор. Стручната подготовка на наставниот кадар е во согласност со Нормативите за наставен кадар, освен на 3 наставници кои се со несоодветно образование и истите се ангажирани на определено работно време

Училиштето има стручна служба составена од педагог, психолог, специјален едукатор рехабилитатор и библиотекар. Административната служба е составена од двајца вработени, секретар - благајник и економ - домакин. Техничката служба е составена од 6 вработени лица - хигиеничари. Во училиштето вработен е еден хаусмајстор кој е финансиран од страна на основачот - Општина Карпош.

Училиштето се загрева со парно греење, а подрачната зграда со панели на електрична струја.

Статутот на училиштето бр.02-324/6 од 06.05.2022 година има решение за добивање согласност од МОН бр.Уп1 18-1322 од 04.07.2022 година.

# 1 Наставни планови и програми

## 1.1 Реализацијата на наставните планови и програми

Наставниот процес во ООУ„Братство“ се реализира согласно наставниот план за деветгодишно основно образование. Реализацијата на наставните планови и програми обезбедува постигање на целите од националните стандарди и Концепцијата за основно образование. Истите се реализирани во пропишаниот обем, во согласност со Календарот за организација и работа на основните училишта донесен од Министерот за образование и наука. Содржините во поголемиот број наставни програми, овозможуваат меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост. Во паралелките од прво до шесто одделение воспитно – образовната работа се остварува според Концепцијата за основно образование донесена со Решение Бр.08-3980/1 од 03.03.2021 година од Министерот за образование и наука. По наставните предмети математика, природни науки, физика, хемија и биологија во паралелките од седмо до девтто одделение наставата се реализира според адаптираните наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ одобрени од Бирото за развој на образованието. ООУ„Братство“ во својот состав има подрачно училиште во село Горно Нерези во кое се организира воспитно-образовна работа во една комбинирана паралелка со 8 ученици од прво до петто одделение, кои од шесто одделение образованието го продолжуваат во централното училиште.

Училиштето има воспоставено процедури да ги информира родителите, учениците и другите училишни тела, за целите и содржините на наставните планови и програми што се реализираат, вклучително и за програмите што се однесуваат за интегрирано образование.

Информирањето го спроведува на почетокот на учебната година на првата родителска средба, преку изготвување на брошура на двата јазика на кој се реализира наставата , преку веб страната на училиштето, а исто така ја посочуваат и веб страната на Бирото за развој на образованието.

Во училиштето има 13 ученици со посебни образовни потреби со добиена стручна проценка на функционалности според МКФ од кои, согласно со проценката, 5 ученици работаат според ИОП, со 4 се работи по модифицирана програма, а за 4 ученици не се изготвува ИОП, но се работи со диференциран пристап. Со 3 ученика со потешкотии во учењето кои се детектирани од страна на наставниците и стручната служба, но немаат соодветна документација, се работи со диференциран пристап. Со Решение бр.04-251 од 17.03.2021 година донесено од директорот на училиштето формиран е училишен инклузивен тим кој се грижи за инклузивните практики на ниво на училиште и работи според изготвена програма која е составен дел од годишната програма за работа на училиштето.За сите ученици со посебни образовни потреби постои Инклузивен тим за ученик, а родителите се дел од тимот и се вклучени во изработка на индивидуалниот образовен план (ИОП), со што се обезбедува нивна целосна информираност. Во однос на работата со децата со посебни образовни потреби, во училиштето е обезбедена стручна поддршка од специјален едукатор и рехабилитатор. Согласно со дидактичките упатства добиени од специјалниот едукатор и рехабилитатор, наставниците ги прилагодуваат целите од наставната програма според посебните образовни потреби на учениците, со цел да постигнат најмногу што можат. Двапати годишно инклузивниот тим за ученик прави ревидирање на поставените цели во индивидуалниот образовен план со очекуваните резултати, по потреба се врши корекција и за истото се изработува извештај. ООУ„Братство“ има склучено Договор за соработка со Основното училиште со ресурсен центар „Д-р Златан Сремец“ од Скопје за обезбедување поддршка при имплементирање на инклузивното образование. За учебната 2023/2024 година изготвен е Годишен план за поддршка на училиштето од страна на ресурсниот центар која вклучува и обезбедување поддршка од образовни асистенти за 6 ученици.

Училиштето ги нуди сите изборни предмети според наставниот план за учениците од седмо до девтто одделение. Се врши анкетирање на крајот на секоја наставна година. Училиштето ја почитува процедурата и изборот од страна на учениците и родителите. За учениците од четврто, петто и шесто одделение училиштето доставува предлог прашалник до родителите за нивно појаснување во однос на изборните предмети врз основа на кој се составува предлог за изборни наставни предмети.

Во ООУ„Братство“ се планира и реализира проширена програма. За учениците од прво до трето одделение се организира прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите од редовната настава и еден час по завршување на редовната настава, во согласност со родителот, односно старателот. Прифаќањето и заштитата на учениците ја врши одделенски наставник, според изготвен распоред за дежурства. Исто така, во училиштето се реализира проширена програма за ученици од иста паралелка со која се опфатени сите паралелки од прво до трето одделение. Реализирањето на продолжениот престој е во согласност со Упатството за настава во продолжен престој на ученици од иста паралелка донесено од Министерот за образование и наука. За учениците од четврто одделение се организира дневен престој за двата наставни јазици со средства обезбедени од основачот.

## 1.2 Квалитетот на наставните планови и програми

Училиштето прибира и разгледува мислења за наставните планови и програми и учебни помагала од аспект на мултикултурализам, родова и етничка рамноправност на

иницијативи на наставниците и родителите. Во Годишната програма за работа, училиштето има изработено и Програма за меѓуетничка интеграција во образовниот систем . Во таа насока, потпишан е Меморандум за соработка со ООУ„Вера Циривири - Трена“ – Општина Карпош и Меморандум за соработка заведен со бр03-1379 од 17.11.2022 година со ООУ„Св. Кирил и Методиј“ – Општина Центар. Програмата нуди активности за запознавање со обичаите, културата и традицијата на другите народи. Училиштата тоа го постигнуваат преку меѓусебна реализација на заеднички активности.

Постојат примери на соодветно вградени особености на локалната средина, во поставените цели од наставните програми, наставните помагала, како и во содржините и активностите за негување на меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост. Училиштето редовно се вклучува во разновидни акции, организирани од локалната заедница, хуманитарни акции, спортски натпревари, организирани посети на општината и слично.

Во училиштето има можности за интегриран пристап по одделни наставни предмети, при што истиот целосно е застапен во одделенска настава, а помалку застапен е по наставните предмети во предметна настава.

Училиштето, во сите наставни програми што се реализираат, има разработени насоки за вградување на меѓупредметни цели. Поголемиот дел од наставниците, насоките ги почитуваат и ги применуваат.

Училиштето на состаноците на формалните органи, дискутира за применуваните наставни планови и програми, во однос на нивната преобемност и прилагоденост на возраста на учениците и нивните развојни карактеристики, но до релевантните институции, нема покренато писмена иницијатива за нивно изменување, дополнување или иновирање.

### 1.3 Вонннаставни активности

Училиштето планира и реализира разновидни вонннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците кои служат за поддршка на образовниот, личниот и социјалниот развој на учениците. Училиштето планира и организира заеднички вонннаставни активности и со партнер училиштето, со цел обезбедување меѓуетничка интеграција во образованието и градење соживот. За реализација на заедничките активности со партнер училиштето има добиено грант од МОН за што е донесено Решение бр.12-2789/50 од 07.03.2023 година. Реализирањето на активностите од проектот за меѓуетничка интеграција е со финансиска поддршка од основачот, Решение бр.08-168 од 24.02.2023 година од Градоначалникот на Општина Карпош за исплата на финансиски средства.

Учениците се вклучуваат во вонннаставните активности, според сопствен избор. Најголем дел од учениците се вклучени барем во една вонннаставна активност. Во вонннаставните активности, особено во секциите, опфатени се поголем број ученици според нивните индивидуални способности, наклонетост и предиспозиции. Изборот се врши преку изјаснување на учениците. Групите најчесто се хетерогени (од различни паралелки) и овозможуваат меѓуетничка интеграција и тоа во одделенска настава, а помалку во предметна заради просторните услови. Училиштето во вонннаставните активности ги вклучува и учениците со посебни образовни потреби. Препораките на наставниците се клучни при планирањето на содржините и активностите. Понекогаш и учениците се вклучуваат со свои предлог содржини и активности во подготвување на програмите за работа на вонннаставните активности. Наставниците најчесто ги земаат во предвид нивните предлози. Училиштето ги поттикнува учениците на младинско учество. Во таа насока се реализирани активности за поттикнување демократска клима – отворен ден за граѓанско образование.

Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на различни манифестации и натпревари од различни области што се организираат на училишно, општинско, регионално и државно ниво. Во учебната 2020/2021 година учениците освоиле 32 награди на општински натпревари, 22 награди на регионални натпревари и една награда на државни натпревари, во учебната 2021/2022 година учениците освоиле 48 награди на општински натпревари, 30 награди на регионални натпревари и една награда на државен натпревар, во учебната 2022/2023 година учениците освоиле 43 награди на општински натпревари, 14 награди на регионални натпревари, 5 награди на државни натпревари. Во изминатите три години училиштето има и освоени награди на ликовни конкурси.

Учениците и наставниците работат на проекти од различна природа. Постојат и голем број на примери за реализирани младински иницијативи кои учениците самостојно ги покренуваат, а добиваат поддршка од наставниците при нивната реализација. За афирмирање на вонваставните активности, училиштето користи повеќе медиуми како социјални мрежи, веб страната на училиштето и веб страната на општината.

Училиштето планира и реализира ученички екскурзии како една од формите на вонваставна активност кои најчесто имаат забавен, спортски и рекреативен карактер. Согласно со донесената Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/2024 година, по одобрување на програмата за екскурзии од Бирото за развој на образованието, Советот на Општина Карпош и Советот на родители, тековно се реализираат предвидените ученички екскурзии.

За развивање и унапредување на сите форми на спортски активности, училиштето со Решение бр.30120170015234 од 23.05.2017 година донесено од Централниот регистар на РМ, има регистриран училишен спортски клуб „Братство 2017“ – Скопје и Решение Бр.08-2449/4 од 10.12.2019 година донесено од Агенција за млади и спорт на РСМ за вршење дејност спорт – училишен спорт. Во моментот на спроведување на интегралната евалуација училишниот спортски клуб е активен а е застапен спортот одбојка.

# 2 Постигања на учениците

## 2.1 Постигања на учениците

Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците според пол и јазикот на наставата по сите наставни предмети, за сите класификациони периоди по години и паралелки и презема активности за нивно подобрување.

Средниот успех на учениците во учебната 2020/2021 година е 4,74; во учебната 2021/2022 година е 4,72 и во учебната 2022/2023 година е 4,69. Средниот успех за последните три учебни години изнесува 4,72.

Училиштето промовира уверување дека постигањата на учениците може да се подобрат и континуирано презема конкретни активности во таа насока.

Училиштето има систем за детектирање и поддршка на учениците кои имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици, како и на учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок.

Поголем дел од наставниците им даваат поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби, избирајќи активности соодветни на нивните интереси и можности. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за учениците кои имаат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области.

Училиштето има развиен систем и во континуитет организира заеднички активности (наставни и воннаставни) со ученици од мешан етнички состав во рамките на училиштето и со партнер училиштата. Со партнер училиштата, се планираат и реализираат воннаставни активности во вид на работилници и презентации, преку кои учениците се стекнуваат со нови знаења и искуства за историјата и традицијата на македонскиот и албанскиот народ.

## 2.2 Задржување / осипување на ученици

Со Одлука бр.09-2810/3 од 10.04.2019 година донесена од Советот на Општина Карпош и измените кон неа, од кои последната е со Одлука бр09-2323/12 од 30.03.2023 година утврдени се реоните на основните училишта на територијата на Општина Карпош . Согласно со истата, ООУ„Братство“ ја опфаќа територијата на Урбаната заедница Тафталиџе 2 и дел од урбана заедница Пецо Божиновски Кочо и населените места Горно и Средно Нерези. Училиштето обезбедува услови за запишување на сите деца од својот реон, вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби. Има изградена политика за запишување и превзема различни активности за да ги запише сите деца од својот реон. Согласно со законската регулатива, училиштето има формирано Комисија за запишување на деца во прво одделение, доставува покани до родители, врши посети на семејства, посета на градинки, остварува соработка со надлежни институции и со локалната заедница. Изготвен е правилник за запишување ученици во прво одделение усвоен од училишните органи во кој е содржана процедурата и училиштето постапува согласно со неа. Училиштето ги ажурира податоците за запишаните ученици и го известува државниот просветен инспектор за незапишаните ученици.

Училиштето располага со податоци каде учениците го продолжуваат своето образование по завршување во училиштето само за оние ученици за кои средните училишта доставиле такви податоци. Делумно располага со податоци за ученици од минатата учебна година, обезбедени од средните училишта во кои преминале.

Училиштето има изграден систем на вклучување на претходно осипани ученици или ученици повратници во наставниот процес. Во последните три учебни години нема вакви случаи.

Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Вкупниот број на изостаноци на ниво на училиште во учебната 2020/2021 година изнесува 2628, од кои 37 изостаноци се неоправдани или 0,06 изостаноци по ученик. Во учебната година 2021/2022 година, вкупниот број на изостаноци изнесува 2860, од кои 10 изостаноци се неоправдани или 0,01 неоправдан изостанok по ученик. Во учебната година 2022/2023 година вкупниот број на изостаноци изнесува 4601, од кои 55 изостаноци се неоправдани или 0,08 неоправдани изостаноци по ученик. Просечниот број неоправдани изостаноци помеѓу два извештајни периоди е до два неоправдани изостаноци.Училиштето ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности за подобрување на редовноста на учениците.

Согласно со утврдените потреби и изготвен план, се реализираат советувања со родители и ученици, за кои води уредна евиденција. Советувањата ги реализира училишниот психолог. Во учебната 2021/2022 година, реализирани се 3 советувања на родители и ученици по основ на несоодветно однесување, а во учебната 2022/2023 година, реализирани се 26 советувања на родители и ученици од кои 4 по основ на намален успех и 22 советувања по основ на несоодветно однесување. Во учебната 2023/2024 година, до моментот на спроведување на интегралната евалуација, реализирани се 2 советувања на родители и ученици по основ на несоодветно однесување. За резултатите од спроведените советувања, доколку има потреба се доставуваат известувања до надлежни институции. Психлогот ги следи резултатите од советувањето. Според статистиките и анализите кои ги изготвува може да се заклучи дека советувањата на родители и ученици даваат позитивни ефекти.

Во училиштето нема појава на осипување на ученици. Во училиштето нема осипување при премин во средно училиште.

Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго. При преминот во друго училиште, ги доставува информациите за воспитно – образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот. Во последните три учебни години, до моментот на надзорот вкупно 60 ученици се испишале од училиштето поради промена на местото на живеење или заминување во странство, а 40 ученици се запишале во ова училиште.

### 2.3 Повторување на ученици

Од увидот на правен во училишната евиденција, односно од извршените анализи за постигањата на учениците на крајот од учебната година, констатирано е дека, во последните три учебни години нема ученици кои ја повторувале годината.

Училиштето ги запознава учениците за правото за поднесување на приговор доколку има незадоволство од постигнатиот успех на крајот на наставната година.

# 3 Учење и настава

## 3.1 Планирања на наставниците

Во училиштето има пропишани процедури за поддршка и следење на планирањата на наставата од страна на директорот и стручните соработници.

Годишните и тематски планирања се разгледуваат и прибираат на почетокот на учебната година, а оперативните планови и сценаријата за час континуирано се следат во текот на годината и при посетите на часови од страна на директорот и стручните соработници. Тимот за меѓуетничка интеграција во образованието, обезбедува поддршка на наставниците за вградување на цели од образование за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост, во планирањата на наставниците. Исто така и Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на Индивидуалните образовни програми за децата со посебни образовни потреби и по потреба соработува со Основното училиште со ресурсен центар „Иднина“ при нивната изработка.Во една учебна година, најмалку два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од страна директорот и стручните соработници.

Сите наставници навремено ја планираат редовната, додатната, дополнителната настава и воннаставните активности. Наставниците кои реализираат воспитно-образовна работа со учениците од седмо до девтто одделение изработуваат годишни, тематски планирања и опративен план за наставен час. За реализирање на наставните програми според адаптираните Кембриџ програми, планирањата на наставниците се изготвуваат според дидактичките насоки од Бирото за развој на образованието за планирање на наставата по Кембриџ програмата. Наставниците кои реализираат воспитно-образовна работа од прво до шесто одделение изработуваат сценарио за наставен час, тематски процесни планирања и неделни планирања во одделенска настава во согласност со Насоките за планирање, организација и реализација на наставата од прво до шесто одделение во учебната 2023/2024 година изготвени од Бирото за развој на образованието. Планирањата ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на часот, но кај поголем дел од нив недостасуваат диференцирани активности за работа со талентираните ученици и учениците што потешко напредуваат. Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се утврдени во поголем дел од планирањата. Наставничкиот кадар ги користи информациите од оценувањето за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето. Наставникот со звање наставник ментор има изготвено програма за работа со двајца наставници приправници.

Наставниците разменуваат искуства и идеи во рамки на стручните активи, во соработка со наставници од други училишта и со поддршка од стручните соработници. За изработка на планирањата, наставниците од одделенска настава дискутираат на стручните активи и најчесто заедно ги изработуваат, додека наставниците од предметна настава, своите планирања ги изработуваат индувидуално.

Распоредот на часови е направен според наставниот план земајќи ги во предвид просторните и кадровските можности на училиштето. Распоредот на часови за предметна настава го изготвуваат двајца наставници, а за одделенска настава го изготвуваат самите наставници. Распоредот на часови овозможува максимална меѓуетничка соработка и комуникација меѓу учениците и наставниците. Училиштето изработува распоред за додатна и дополнителна настава кој е истакнат на видни места и се реализира според предвидената динамика и согласно потребите на учениците.

### 3.2 Наставен процес

Во текот на интегралната еваулација извршена е посета на наставен час на поголем дел од наставниците, вклучувајќи ги и наставниците кои дополнуваат фонд во училиштето.

Поголем број од наставниците користат разновидни форми и методи што соодветствуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење. Поголем дел од наставниците користат добро испланирани и соодветни методи за работа со учениците најчесто индивидуално или заедничка работа со целата паралелка, а поретко во парови или во групи. Наставниците главно користат исти приоди за сите ученици независно од индивидуалните способности за учење на учениците. Од посетата на часовите констатирано е дека наставниците поретко применуваат наставни техники.

Сите наставници се обучени за употреба на Информатичка компјутерска технологија (ИКТ) и нови образовни технологии во наставата. Во текот на имплементација на интегралната евалуација, беа реализирани голем број на часови со примена на ИКТ. За целосна имплемнтација на Концепцијата за основно образование донесена со Решение Бр.08-3980/1 од 03.03.2021 година од Министерот за образование и наука неопходно е доопремување на дел од училиниците со паметна (смарт) табла како што е предвидено со наставната програма.

Задачите што се работат во училиштето или дома се планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Изборот на задачи и активности, е добро приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците. Наставниците користат учебници, прирачен материјал и дополнителна литература. За децата кои од било кои причини подоцна се вклучуваат во образовниот систем им се овозможува да напредуваат со прилагодени програми и активности.

Наставниците најчесто ги споделуваат со учениците, целите на наставата и очекуваните резултати од учењето и истите им се јасни на повеќето ученици. Поучувањето е јасно и разбирливо, соодветно на возраста на учениците.

Во училиштето застапеноста на интерактивната настава е добра. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата и главно нивниот придонес се почитува. Постои интеракција наставник - ученик, а во помала мера е застапена и интеракција ученик - ученик.

Сите наставници со учениците се однесуваат на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање, без при тоа да се прави разлика меѓу учениците во однос на нивниот пол, социјалното потекло, нивната етничка припадност и религиска припадност или попреченост. Наставниците се проактивни во создавање клима за надминување на полови, етнички, религиски и други стереотипи и предрасуди, а во однос на културните разлики, способностите, физичката попреченост, интелектуалната попреченост и друго.

Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес, истата редовно се применува, а секој наставник се посетува на час најмалку двапати во полугодие од страна на директорот или од стручните соработници. Наодите од следењето се користат за подобрување на наставниот процес.

### 3.3 Искуства на учениците од учењето

Учениците и родителите училиштето го доживуваат како безбедна и интеркултурна средина за учење. Заедничкиот училиштен простор е естетски уреден. Низ ходиците во училиштето, има изложени изработки на учениците, изготвени во рамките на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието преку кои се отсликува мултиетничкиот карактер на Република Северна Македонија. Трудовите на учениците се изложуваат на видни места во училниците и училишните ходници, почитувајќи ги естетските норми.

Учениците сметаат дека по повеќето предмети, се учи на интересен начин. Содржините кои што се учат се поврзани со секојдневието, се применливи и корисни во реалниот живот и ги оспособуваат за активно учество во граѓанско, демократско и мултикултурно општество. За време на часот, најголем дел од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да размислуваат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици или возрасни.

Повеќето ученици сметаат дека имаат можност да го искажат своето мислење и да преземат одговорност при решавањето на проблеми поврзани со учењето, во и надвор од наставата.

Голем број на ученици сметаат дека интеракцијата со другите ученици е добра, а посебно во активностите што заедно ги остваруваат. Постојат и се применуваат различни форми за соработка. Учениците заеднички работат на различни проекти, во и надвор од наставата, во групи со различен состав и големина. Учениците се чувствуваат прифатени и задоволни во паралелката и училиштето.

### 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар и стручните соработници, системски ги идентификуваат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување.

Поголем број од наставниците, во соработка со стручните соработници и со Инклузивниот тим, во процесот на поучување користат различни приоди со цел да ги мотивираат учениците да научат најмногу што можат.

### 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува законските и подзаконските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците изготвуваат сопствени критериуми, со утврдени стандарди за оценување на учениците, според образовните потреби, кои се усогласени со критериумите за оценување на ниво на училиште. Учениците и родителите се запознаени со критериумите за оценување на постигањата по сите наставни предмети.

Наставниците користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците. Застапено е формативно и сумативно оценување, кое кај поголем број на наставници е јавно и транспарентно. Се оценуваат различни активности, писмени и усмени одговори, тестови, проекти, наставни ливчиња и друго. Оценувањето на постигањата на учениците со пречки во развојот се врши според Правилникот за начинот на оценување на учениците со попреченост донесен од Министерот за образование и наука, согласно со целите на изготвениот Индивидуален образовен план, а во соработка со Инклузивниот тим.

Сите наставници им даваат повратни информации на учениците за нивната работа. Во повратната информација се содржани тековните постигања на учениците. Поголем дел од наставниците даваат насоки за подобрување на постигањата, а по потреба, ги вклучуваат учениците во дополнителна или додатна настава. Поголем дел од наставниците ги користат информациите од оценувањето за да го евалуираат и да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврдено систем на активности за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. За таа цел се организираат родителски средби на паралелките, формални и неформални средби, групни и

индивидуални средби со родителите. На видно место во училиштето е истакнат распоред со приемно време за секој наставник.

Родителите добиваат информации за постигањата на учениците на ниво на паралелка како и пишани извештаи – евидентни листови и детали за напредокот на нивното дете, по секој наставен предмет, вклучувајќи и информации за личниот и социјалниот развој на детето. Доставувањето на евидентните листи се врши електронски преку апликацијата на е-дневникот, по што од родителите се бара електонски да го потврдат приемот на евидентниот лист. Родителите на деца со посебни образовни потреби се запознаени со напредокот на ученикот, предвиден со Индивидуалниот образовен план и по потреба, со нивно учество се ревидираат целите кои треба да се постигнат.

# 4 **Поддршка на учениците**

## 4.1Севкупната грижа кон учениците

Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците, во текот на наставата, во училишната зграда и во училишниот двор и се реализираат според планирањето. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, покривот, прозорците, струјните места, дворот) е безбедна и не претставува потенцијална опасност за повреди на учениците.

Сите потенцијално опасни места во училиштето, што не може да се избегнат се обезбедени, посебно се означени, а учениците се свесни за нивното присуство и информирани за можните опасности.

Во училишниот простор има 14 ПП апарати во централното училиште и 9 хидранти, како и 1 ПП апарат во подрачното училиште во с.Горно Нерези. Истите се сервисирани на ден 03.08.2023 година. Во училиштето има громобранска инсталација без документ за последно извршено мерење и инсталирана интернет мрежа. Во училиштето има 4 сертифицирани наставници за давање прва помош на учениците при несреќни случаи и превенција од насилство и има пакет за прва помош.

Училиштето има интерен акт, односно план за евакуација и измена и дополна на план за евакуација со заверен бр.02-120 од 10.02.2023 година со шеми за движење и за постапување во случај на елементарни непогоди, но немат изведена симулација за постапување во случај на елементарна непогода. Училиштето е осигуран од страна на основачот, за што училиштето поседува Полиса бр.080660073470 од CROATIA ОСИГУРУВАЊЕ, за осигурување на имотот од пожар и некои други опасности, за период од април 2023 година до април 2023 година.

Училиштето има програма и протокол како пишани документи во кои се дефинирани сите облици на однесување на учениците и возрасните.Тоа е евидентирано

во кодексот на однесување на учениците, наставниците и стручната служба и одобрено со Одлука бр.02-13/16 од 09.02.2023 година на Училишниот одбор. Истите се ставени на видни места по ходниците на училиштето за да може секој да има пристап и можност да ги чита и биде запознаен со истите. Протоколите доследно се применуваат. Во училиштето нема насилство манифестирано од страна на возрасните и учениците. Училиштето организира предавања, презентации и активности за заштита на учениците од сите облици на насилство како што се психичко, емоционално, физичко насилство, сексуално насилство, булинг, семејно насилство. Наведените теми, соопштенија и предупредувања се истакнати во плакати, постери и истите се поставени на видни места по ходниците на училиштето. Во училиштето активно функционира дежурството на наставниците и учениците, кои се грижат за безбедноста на учениците за време на настава и за време на одморите. Во училиштето нема чуварска служба.

Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето, а на потребите и грижите на учениците им приоѓаат чувствително, грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. Учениците и родителите се информирани од страна на училиштето со правата и процедурите за поднесување поплаки за насилство, а во случај на поплака, училиштето постапува навремено и непристрасно. Училиштето има и спроведува политика за забрана за пушење, консумирање алкохол и наркотични супстанции. Во училиштето не се пуши, наставниците не доаѓаат во алкохолизирана состојба, не консумираат алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанции. Во училишниот објект на видни места се поставени знаци и натписи за забрана за пушење. Во училиштето се реализираат предавања од страна на вработени и надворешни стручни лица за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства. Училиштето има пишани процедури за постапување при прекршување на политиките за забрани, односно Правилник за изрекување на педагошки мерки.

Во училиштето има организирана исхрана за учениците. За истото има и соодветна просторија кујна за подготовка на храна за учениците. Истите се контролирани од ЈЗУ Центар за јавно здравје – Скопје за исправноста на конзумираната храна за што училиштето поседува и соодветна документација (извештаи) од тие контроли.

Училиштето има инклузивен тим и пропишани процедури за грижа за учениците со пречки во развојот и физичка попреченост. Во училиштето има 13 ученици со пречки во развојот со соодветна документација од надлежна здравствена установа. Инклузивниот тим на училиштето ја усогласува програмата според индивидуалните потреби на ученикот. Во училиштето се ангажирани и 5 образовни асистенти организирани од соодветна образовна институција, како и 2 образовни асистенти ангажирани од самите родители. Училиштето соработува со родителите, со Ресурсните центри и другите релевантни институции и организации во обезбедувањето грижа за учениците со пречки во развојот/физичка попреченост и има развиени механизми за поттикнување на учениците во давањето помош и грижа за овие ученици. Во училиштето има 16 ученици кои потекнуват од социјално ранлива категорија. При појава на такви ученици, училиштето има договорени процедури за обезбедување матерјални средства за учениците кои поради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во вон наставните активности што бараат вложување дополнителни средства.

## 4.2 Здравје

Хигиената во училиштето е добра. Училиштето редовно врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација, за што поседува уредна документација. Последна контрола е извршена од ЈЗУ Центар за јавно здравје на ден 03.10.2023 година, за што училиштето поседува Извештај од тестирање заведен со лабораториски број 2612/2023 од 05.10.2023 година, како и Информација и резултати од микробиолошко испитување бр.11-4292/1 од 06.10.2023 година, издадена од ЈЗУ Центар за јавно здравје, Скопје. Училиштето воспитно делува учениците да ја одржуваат личната хигиена. Подот на училниците, скалите, ходниците и тоалетите за наставниците и учениците, се чистат секој ден, по два пати во секоја смена, а мебелот, вратите и прозорците во училишниот простор генерално се чистат во секое полугодие. Дворот на училиштето е чист од секаков вид отпадоци и редовно се

одржува. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците, има корпи за отпадоци и училиштето се грижи учениците да ги фрлаат отпадоците во нив.

Во училиштето редовно се вршат систематски прегледи на сите вработени, за што сведочат здравствените картони на секој вработен од каде се гледа дека такви прегледи се извршени во учебната 2020/21, 2021/22 и 2022/23 година. Училиштето постапува по препораките и насоките на здравствените институции, во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести. Во соработка со здравствени институции, секоја година се организира вакцинација, систематски прегледи и стоматолошки прегледи на учениците и за нив се води уредна евиденција. Грижата за здравјето на учениците е опфатена и во Годишната програма за работа на училиштето. Училиштето има пропишана процедура бр.02-13/57 од 12.10.2023 година за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат за сите ученици што имаат потреба од таков третман во соработка со родителите, локалната заедница и со другите релевантни институции (здравствените установи, центарот за социјална работа).

Училиштето е избрано како едно од четирите училишта во Република Северна Македонија каде се имплементира проектот “Училишта кој што го унапредуваат здравјето”.

## 4.3 Советодавна помош на учениците за понатамошно образование на учениците

Училиштето врши истражување преку прашалници за професионална ориентација на учениците. Стручната служба и наставниците во училиштето се грижат за давање помош на учениците за избор на образовна установа за понатамошно образование. Сите ученици добиваат јасни и точни информации за можностите за понатамошно образование, односно определбата за нивната идна професија. Стручната служба реализира прашалник за професионална ориентација, води разговор, спроведува тестирање и врз основа на добиените резултати им дава конкретни совети. Општи информации за понатамошно образование добиваат и на одделенските часови во деветто одделение. Заради следење на индивидуалните афинитети на учениците и давање помош на учениците и нивните родители, односно старатели во избор на средното училиште, психологот во училиштето користи алатки за утврдување на способностите, интересите и можностите на учениците и реализира програма з а професионална ориентација за ученици од осмо и деветто одделение.

Средните училишта, при посета на училиштето, преку презентации, флаери и брошури ги запознаваат учениците со програмите кои се реализираат во средното образование.

Училиштето редовно ги информира родителите и учениците за помошта што можат да ја добијат преку пишани и усни соопштенија. Има постојана соработка со средните училишта. Инклузивниот тим нуди професионална ориентација на деца со посебни образовни потреби. Стручната служба води евиденција каде учениците го продолжуваат средното образование.

Учениците навремено се информирани за објавените конкурси за запишување на ученици во средното образование.

## 4.4 Следење на напредокот на учениците

Наставниците водат евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик во дневникот на паралелката, како и за нивниот интелектуален, социјален и емоционален развој. Се изготвуваат прегледи и извештаи за постигањата, редовноста и поведението на учениците на крајот на првото полугодие и за крај на учебната година и податоците влегуваат во полугодишниот и годишниот извештај на училиштето. Постои соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, одделенските и класните раководители, предметните наставници и родителите за постигањата на учениците.

Наставниците подготвуваат редовни извештаи по квартали врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Континуирано го следат и вреднуваат напредокот на постигањата на учениците, редовноста и поведението на секој ученик. Во одделенска настава, се водат ученички досиеја со личните трудови и постигнати резултати на учениците, евидентни листови за секој ученик каде се следи неговиот успех и поведение од страна на одделенските раководители.

Со податоците за постигањата и редовноста на учениците родителите редовно се информираат на индивидуални средби и на родителските средби, а писмено преку евидентните листови за секое тромесечје, на полугодие и со свидетелствата на крајот на учебната година.

# 5 Училишна клима

## 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

Училиштето е препознатливо според добар квалитет на работење и постигнувањата на учениците во различни области, како и според остварувањето на визијата и мисијата на училиштето. Училиштето е инклузивно, безбедно и се грижи за здравјето на сите ученици, ја негува родовата еднаквост, мултикултурализмот, меѓуетничка интеграција, младинскиот активизам и го поттикнува учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Наставниот кадар ужива респект кај родителите. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед.

Раководството на училиштето, води политика на взаемно почитување и рамноправен третман и однос кон сите вработени, без разлика на пол, етничка припадност, возраст и друго. Постои професионален однос помеѓу вработените, особено на ниво на активи, одделенија и училиште. Раководниот, стручниот и наставниот кадар имаат клучна улога во одржувањето на професионалниот однос помеѓу сите структури.

Раководниот и наставниот кадар играат клучна улога во одржувањето позитивна атмосфера во училиштето, што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и со посетителите на училиштето. Вработените ги упатуваат учениците да се грижат едни за други и за училиштето. Професионалниот однос помеѓу вработените има одраз и во однесувањето на учениците, кои без разлика на етничката припадност, возраста, социјалниот статус и постигањата, во училиштето се чувствуваат безбедни и прифатени од сите вработени.

Училиштето има кодекс на однесување, кој е одобрен од Училишниот одбор со Одлука бр.02-13/16 од 09.02.2023 година во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето од страна на директорот, наставниците, стручните соработници, административно-техничкиот персонал, учениците и родителите. Кодексот е изработен со учество на претставници на сите засегнати за животот во училиштето, а неговото усвојување е низ транспарентна процедура. Учениците и вработените ги почитуваат усвоените правила на однесување на училиштето. Постои работна атмосфера за време на наставата и вон наставните активности, а вработените постојано се грижат за однесувањето на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето. Учениците се совесни, учтиво се однесуваат и соработуваат меѓусебно и со наставниот кадар. Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување педагошки мерки. Во последната 2022/23 учебна година има изречено 22 педагошки мерки. Во училиштето нема закани, говор на омраза, провокации, навреди или пишани графити со негативни пораки.

Родителите учествуваат во животот и работата на училиштето. Активно се вклучени и во реализација на поголем дел од активностите во проектите: „Нансен модел за интеркултурно образование“; „Меѓуетничка интеграција во образованието“ и „Училиштата кои го унапредуваат здравјето“.

Училиштето го применува принципот на демократско учество на учениците и има формирана ученичка заедница на сите нивоа (од паралелка до училиште) според законите и целосно демократска процедура, која учествува во донесувањето одлуки за прашања што се од непосреден интерес за учениците. Формиран е ученички парламент. Тој во реализација на својата програма добива поддршка од училиштето (менторска, логистичка и материјална) Учениците навремено и целосно се информирани од ученичката заедница за сите работи што се од нивен непосреден интерес и учествуваат во решавањето на

проблемите и донесувањето одлуки во врска со тие работи. Активностите за младинско учество ретко се иницираат, се планираат и се реализираат од страна на учениците, во согласност со програмата за работа на ученичката заедница и ученичкиот парламент.

## 5.2 Промовирање на постигањата

Училиштето става акцент на постигнувањата на сите ученици. Наставниот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување јасни и високи очекувања во однос на постигнувањата, редовноста и дисциплината на учениците. Учениците, исто така, имаат високи очекувања од самите себе и од другите, за повисоки постигнувања на ниво на училиштето. Во училиштето донесен е Правилник бр.02-364 од 06.05.2021 гоина за доделување на награди, пофалби и признанија на учениците. Наставниците ја согледуваат суштината на пофалувањето како начин на мотивирање на учениците за постигнување подобри резултати во учењето. Во училиштето со Одлука бр.02-791/3 од 21.08.2023 година донесен е и Кодекс за однесување со ИКТ технологијата. Постигањата на учениците се вршат преку разни форми, интерно и на социјалните мрежи, а се промовираат индивидуални и групни постигања на учениците преку веб страницата на училиштето, фејсбук страницата на училиштето и на наставнички совет. Училиштето избира ученик на генерација со јасно утврдени критериуми за избор. Ученикот кој е првенец добива награда и пофалница. Постигањата на учениците се истакнати на видно место во училиштето.

Училишниот педагог прибира податоците за успехот, поведението и отсуствата на учениците и изготвува извештаи со статистички податоци, со споредбени показатели за исти периоди во различни учебни години. Резултатите од постигањата на учениците се внесуваат во полугодишните и годишните извештаи на училиштето.

## 5.3 Еднаквост и правичност

Во училиштето се води политика на еднаквост помеѓу сите ученици без разлика на национално, верско, пол и социјално потекло. Сите вработени во училиштето, правично се однесуваат со сите ученици. Училиштето ги образува учениците да ја почитуваат сопствената култура, вера и традиција, но исто така да ги почитуваат и културите, верата и традициите на другите етнички заедници.

Училиштето гради политика на меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество. Училиштето е вклучено во проектот на МОН за Меѓуетничка интеграција, преку кој учениците се запознаваат со културата, верата и традициите и на другите етнички заедници.

Во рамки на проектот “Меѓуетничка интеграција во образованието“, училиштето има склучено меморандум за соработка со ООУ „Свети Кирил и Методиј“ - Општина Центар во Скопје. Во рамките на споменатиот проект во изминатите години реализирани се многу активности и тоа:

- Одбележување на 21 Септември Меѓународен ден на мирот,
- Час по македонски јазик „Насилство стоп“,
- Работилница / воннаставна активност „Мојот град- моето Скопје“,
- ОпштествоВолшебните зборови,
- Ликовно образованиеНародни носии во РСМ – колаж,
- Час по ликовно образование – Изготвување на новогодишни честитки,
- Општество „Мојот крај има минато и традиција“,
- Работилница под мотото „Подај рака, подари насмевка“ и др.

Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата. Училиштето се грижи за остварување на целите од наставните програми што се поврзани со Конвенцијата за правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот (вработените, учениците, родителите). Учениците знаат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со комуникација, толеранција, стереотипи, предрасуди, дискриминација и др.

## 5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Училиштето презема добро испланирани активности и организира средби за да ги поттикне родителите да се вклучат во подобрувањето на воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа. Соработката на училиштето со родителите е јавна, транспарентна и перманентна. Училиштето континуирано превзема разни активности за да ги вклучи родителите во воспитно – образовниот процес. Родителите се поттикнати активно да се вклучат во наставниот процес преку организирање предавања на конкретна тема од нивната професија, како и во воннаставните активности. Училиштето користи ефективни методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални и заеднички родителски средби и приемни денови, приспособувајќи се на времето што родителот го има на располагање.

На почетокот на учебната година родителите се запознаваат со работата на училиштето. Тие се информираат за тоа каде може да ја добијат потребната помош во врска со потребите и проблемите на кои наидуваат нивните деца во училиштето, преку одделенските наставници (раководители), предметните наставници и стручната служба. Училиштето има пропишани демократски процедури за избор на претставници на родителите во училишен одбор. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, како што се: целите, организацијата, идните активности и нивото на постигнувања на учениците се јасни, разбирливи и им се достапни на сите родители во пишана форма. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.

Најголем број од наставниците уживаат респект кај родителите и учениците и придонесуваат за целосна афирмација на училиштето. Раководниот орган и стручната служба имаат важна улога во одржувањето на добрата атмосферата во училиштето, остваруваат добра соработка со учениците, наставниците и родителите.

Училиштето нема пишани процедури за постапување во случај на кршење на правилата од страна на родителите. Родителите во работата на училиштето се вклучуваат преку формалните законски форми - Совет на родители и Училишен одбор. Комуникацијата со родителите најчесто се воспоставува за време на Совет на родители, родителски средби, како и при индивидуални средби и советување на родители. Задолжително се одржуваат по две родителски средби во прво и во второ полугодие. Родителите се запознаени со Програмата за работа на училиштето, со правата и обврските на учениците, на родителската средба која се организира на почетокот на учебната година и преку информативната брошура за родители.

Училиштето е вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти, активности и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Истата соработува со локалната самоуправа - учествува во одбележувањето на значајни настани, манифестации организирани во рамките на општината и при планирање и реализација на проекти кои се од непосреден интерес за подобрување на работата во училиштето. Подршката од општината е на добро ниво, особено во делот на средства за тековно одржување, финансиска помош за реализација на капитални проекти.

Училиштето го унапредува граѓанскиот активизам и волонтерското вклучување на учениците во активностите на заедницата. Општината и урбаната заедница е вклучена во подобрување на условите за работа во училиштето. Училиштето не доволно остварува соработка со деловната заедница и невладините организации.

# 6 Ресурси

## 6.1 Сместување и просторни капацитети

Училишните згради се од тврда градба. Училишната зграда во централното училиште се состои од приземје, додека подрачното училиште во с.Горно Нерези се состои од приземје и простории на спрат. Училиштето располага со вкупна површина од 16.751 м2 и нето површина од 3.426 м2. Училиштето располага со 26 училници, 4 помошни простории, 1 Училишна библиотека, 1 медијатека, 7 канцеларии, 1 кабинет, 1 заедничка просторија за прослава, 1 кујна, 1 трпезарија, 1 спортска сала со помошни простории, 2 спортски терени, 1 детско игралиште, просторија за соблекување на учениците, две

помошни простории за опрема, 9 санитарни јазли со околу 550 м2, 3 магацини, 2 помошни простории во одделенска и предметна настава, 1 помошна просторија-електро соба и 1 котлара.

Опремата за спортските активности задоволува, но потребна е нова опрема и нагледни средства за подобрување на наставата по физичко и здравствено образование. Училниците се пространи и светли. Секое одделение од прво до петто одделение има своја училница и училниците во кои се реализираат вонаставни активности по Нансен моделот за интеркултурно образование се опремени со современи нагледни средства. На влезот на училиштето сместена е училишната библиотека која располага со лектирни изданија, книги и стручна литература на двата наставни јазици и со неа раководи библиотекар. Во училишниот двор се наоѓаат 2 асфалтирани игралишта за кошарка и ракомет, кои се користат за редовната настава, како и за организирање на спортски натпревари на ниво на училиштето и општината. Тука се наоѓа и детското игралишта изградено од општина Карпош.

Училишниот простор во целост ги исполнува условите за работа, како за учениците, така и за наставниците и другите вработени. Воспитно-образовната дејност училиштето ја реализира во две училишни згради и тоа во централното училиште во населба Тафталиџе и во една подрачна училишна зграда во с.Горно Нерези.

Во училиштето учат вкупно 731 ученици распоредени во 34 паралелки и една комбинирана во подрачното училиште. Во централното основно училиште 304 ученици следат настава на македонски наставен јазик (16 паралелки), а 427 ученици, следат настава на албански наставен јазик (18 паралелки). Во подрачното основно училиште, во с. Горно Нерези 8 ученици, во комбинирана паралелка, следат настава на албански наставен јазик.

Во училиштето се ангажирани вкупно 66 наставници, од кој 32 наставници кои се ангажирани во настава на македонски наставен јазик и 34 наставници се ангажирани во настава на албански наставен јазик.

Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположивите капацитети за изведување на наставата, со што ги задоволува потребите на учениците.

## 6.2 Наставни средства и материјали

Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала е добра, со тенденција на подобрување поради потребата од набавка на дополнителна нагледност, која што е планирана со Програмата за развој на училиштето.

Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално технички средства и континуирано ги планира и обезбедува. Потребите од нагледни средства се согледуваат преку барањата на стручните активи, а истите се планираат во развојниот план на училиштето. Од пописната листа се согледува моменталната состојба на материјално/техничките средства на училиштето. Постои финансов план според кој однапред се планираат средства за потребите на училиштето. Опременоста со наставни средства и помагала придонесува за зголемување на активноста на учениците, подигање на квалитетот на наставата и реализирање на наставните програми. Преку донации училиштето обезбедува средства за обновување на материјално техничките средства.

Училиштето располага со стручна литература и наставни средства и помагала по сите наставни предмети. Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и ефективно и ефикасно ги користат во наставата и во учењето. Учењето, организирањето и реализирање на наставен час кај помал број наставници е со користење на ИКТ опрема. Наставниците и учениците имаат пристап до интернет. Училиштето не располага со нагледни средства, материјали и помагала за учениците со посебни образовни потреби.

Училишната библиотека располага со вкупно 13.191 книги. Наслови на македонски јазик има 5078 книги, додека на албански јазик има 2727 книги. Стручна литература има на македонски јазик 534, додека на албански јазик има 282. Белетристика има на македонски јазик 3450, односно 1120 на албански јазик. Во училишната библиотека во учебната 2022/23 година членувале 612 ученици и 80 вработени. Во училиштето постои библиотекарска секција во која членуват 23 ученици. Во училишната библиотека работи библиотекар кој има изготвено годишна програма за работа за учебната 2023/24 година, која е во состав на Годишната програма за работа на училиштето. Во библиотеката се

води електронска евиденција за издадените и вратени книги и истата е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот работен ден и работи согласно распоредот за работното време на библиотекарот. Во библиотеката има литература на странски јазик и изборните јазици што се изучуват во училиштето.

## 6.3 Обезбедување на наставен кадар

Училиштето има обезбедено соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно-образовниот процес. Наставниот процес во училиштето го реализираат вкупно 66 наставници, од кој 32 наставници кои се ангажирани во настава на македонски наставен јазик и 34 наставници се ангажирани во настава на албански наставен јазик. Од вкупно 66 наставници, 32 насатвници се во одделенска настава, додека 34 наставници се во предметна настава.

Со ВСС се 59 наставници, со ВШС се 6 наставници и 1 наставник е со средно образование. Од нив 3 наставници се несоодветни, додека другите се соодветни за изведување на настава. Од вкупно 66 наставници колку ги има во училиштето, од нив 20 наставници се на определено време, додека 46 се на неопределено време. Во училиштето се ангажирани и 4 стручни соработници, од кој 1 педагог, 1 психолог, 1 дефектолог и 1 библиотекар и сите се со ВСС. Од нив 3 се на неопределено време и 1 е на определено време. Во училиштето има и 1 домаќин економ, 1 секретар и 1 директор.

Соодветниот наставен кадар е квалификуван и е оспособен да ги преземе одговорностите во наставата и вонннаставните активности. Работата на наставниот кадар соодветно е поддржана од страна на стручната служба, административно-техничкиот персонал, како и од директорот на училиштето. Училиштето има пропишана процедура за реализација на приправничкиот стаж за наставник приправник.

При вработување на наставници и стручни соработници се почитуваат законите, подзаконските акти и нормативот. Во случаи на отсуство на наставниот кадар, училиштето има механизми за брза и соодветна замена со цел за целосно остварување на годишниот фонд на часови.

Училиштето има стручна служба (педагог, психолог, дефектолог и библиотекар) која им помага на наставниците во организацијата и реализацијата на наставата, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците. За учениците со потешкотии во учењето и учениците со посебни образовни потреби училиштето има план за следење и работа со учениците. Стручната служба во својата програма за работа планира и спроведува разновидни активности за работа со учениците и наставниците и е секогаш отворена за соработка.

## 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Во училиштето има Програма за професионален развој на наставниците, се води грижа за идентификување на потребите за професионална надградба на наставниците. Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби се врши преку посета на часови од страна на директорот, педагогот и психолог, увид во планирањата, и преку активностите на стручните активи. Во училиштето има стручни активи кои ги вклучуваат сите наставни предмети, редовно се состануваат и соработуваат особено во делот на изготвување на планирањата. Од разговорите со наставниците и посетените часови се констатира дека е евидентна потребата од континуирано стручно усовршување на наставниците за подобрување на стручните способности.

Училиштето редовно врши обучување и мотивирање на наставниците за континуиран професионален развој, кој е услов за успешна и ефикасна работа. Наставникот ги развива постојано своите компетенции со цел да постигне и одржи висок квалитет на наставата во согласност со современите трендови и со барањата на модерниот свет. Реализирани се обука за надградување и професионален развој на наставниците организирано од Биро за развој на образованието, Линк Акрос, Нансен Дијалог Центар-Скопје, Академија ЦЕС, Глобален Лидерски Самит - Општина Карпош, БРО - ОЗ Инвест ДООЕЛ Скопје, БРО - Канцеларија на УНИЦЕФ, БРО - Коалиција МАРГИН, Центар за ресурси во животна средина УНИЦЕФ, БРО Влада на Шведска и др.

Следењето на развојните потреби на кадарот е добро. Училиштето учествува во обуки и семинари кои го унапредуваат воспитно-образовниот процес. Изборот на

наставници кои учествуваат на овие семинари е транспарентен и правичен. Училиштето има план за дисеминација на знаењата стекнати од едукациите на наставниците. Постои соработка со наставници од други средни училишта, факултети и невладини здруженија во градот и пошироко.

Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот. Наставниот кадар има ажурирани портфолија за професионален развој. Училиштето има пропишано процедура за наставниците  приправници за навремено определување на метори реализација на приправничкиот стаж.

## 6.5 Финансиско работење во училиштето

Од непосредниот увид во документацијата се констатира дека училиштето има финансиски план за обезбедување на потребните средства за непречено финансиско работење. Органите во училиштето се запознаени со финансиските активности на училиштето.

Училиштето изработува Годишен финансиски план и Годишен финансиски извештај, кој се доставува до Советот на Општината, по претходно разгледување од страна на Училишниот одбор. Училиштето покрај буџетската сметка има и сопствена сметка. Раководниот орган транспарентно и наменски ги насочува средствата од буџетот.

Училиштето има формирано Комисија за јавни набавки од страна на директорот. Постои документација за начинот на спроведување на јавните набавки. Постои транспарентност во финансиското работење на училиштето. Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има донесено пишан документ во кој се регулирани процедурите за обезбедување и распределување на финансиските средства. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето, предвидувајќи за реализација на активностите предвидени во програмата на ученичката заедница.

Буџетот се користи наменски и за креативни цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигнувањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. Училишниот одбор на крајот на календарската година добива извештај за финансиските активности и финансиската состојба на училиштето. Училишниот одбор го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства. Во училиштето не е извршена ревизија за финансиското работење од страна на надлежна институција.

# 7. Управување, раководење и креирање политика

## 7.1. Управување/ раководење со училиштето

Училишниот одбор на училиштето е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето, при што се води сметка за етничката структура на членовите на училишниот одбор. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со Деловникот за работа на училишниот одбор (бр.02-338/2 од 23.04.2021) во кој е утврдено учеството на двајца претставници од ученичкиот парламент. Годишната програма за работа на училиштето ја содржи посебната програма за работа на Училишниот одбор, со испланирани активности, временска рамка и носители на активностите. Присуството на состаноците е редовно со кворум за работа од претставниците на сите структури. Училишниот одбор им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти, вклучени во воспитно-образовниот процес. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Училиштето во последните три години нема реализирано обука за членовите на училишниот одбор. Потребната подршка за законско работење се добива од секретарот на училиштето а за сите останати прашања од областа на образованието соработката е остварена од раководниот орган и струшната служба. Училишниот одбор активно учествува во креирањето политики и води училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето, меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество.

Работата е транспарентна за сите структури во училиштето. Соработката со директорот на училиштето е многу добра, со остварен партнерски однос и според изјаснувањето на членовите запознаени се со сите прашања во врска со воспитно образовната работа, самоевалуацијата, развојната програма како и за управување со финансиите во училиштето. Училишниот одбор се свикува со електронска покана и обезбедени материјали за работа на состаноците.

Во работата на училишниот одбор вклучени се ученици од ученичкиот парламент кога на седниците се расправа за теми од интерес на учениците (проекти, вонншаставни активности, екскурзии и др.).

Раководен орган во училиштето е вршител на должност директор од септември 2023година со претходно искуство на директор од еден мандат во истото училиште. За својата работа директорот на училиштето има изготвено Програма за работа која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/2024 година. Директорот има добра соработка со вработените, користи различни идеи и

искуства во спроведување на активностите. Работењето е транспарентно со директна комуникација, преку соопштенија, истакнување на информации на огласна табла, како и писмена и електронска кореспонденција со оние кои треба да бидат информирани.

Директорот има стратешка определба заснована врз јасна визија што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето прифаќајки ги сугестиите, барањата и одговорностите преку соработка и интеракција со родителите, вработените, учениците, како и со локалната заедница и основачот и невладиниот сектор. Фокусот на работењето на директорот е: подобрување на условите во училиштето со акцент на реновирање на фискултурна сала (затоплување, енергетски ефикасна изолација, реновирање на санитарни чворови, реновирање на соблекувални за учениците и др.), оптимално обезбедување на икт опрема со цел подобрување на наставниот процес, обезбедување на простор за сензорна соба со соодветна опрема за потребите на учениците со посебни образовни потреби, вклучување на наставниците во обуки, советувања и семинари за подобрување на реализацијата на воспитно образовниот процес, реализација на стратешките цели од програмата за развој, подршка на ученичкиот парламен и обезбедување на поактивно вклучување на учениците во области кои се во нивен интерес, подршка и активно учество во спроведувањето на програмата за Меѓуетничка интеграција во образованието како и негување на мултикултурализмот во училиштето. До сега е реализирано дел од планираните активности во програмата за развој со запазување на временската рамка. Директорот има воспоставено соработка со низа НВО, локалната самоуправа, државни институции, факултети (од областа на педагогијата) и локалната средина.

Раководењето на директорот се заснива на тимска работа, преку вклучување на вработените во процесите на планирање, реализација и евалуација на севкупните активности. Раководниот орган на училиштето е проактивен во реализирањето на училишните политики за инклузивноста и граѓански активизам.

### 7.2. Креирање на училишната политика

Мисијата и визијата на училиштето ја одразуваат државната и локалната образовна политика. При дефинирањето фокусот е развивање на личноста на децата преку образование прилагодено на индивидуалните потреби со зајакнување на комуникацијата, соработката и разбирањето на различните етнички заедници. Вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирањето на мисијата и визијата. Вработените добро ги познаваат и разбираат мисијата и визијата, а останатите чинители се запознаени со истите. Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти (вработените, структурите во училиштето, учениците, локалната заедница) да работат на остварување на мисијата и визијата. Училиштето соработува со соодветни институции за остварување на мисијата и визијата.

Училиштето има договорни процедури за донесување на училишни политики. Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето, за инклузија, меѓуетничка интеграција во образованието, граѓански активизам, намалување на сите видови насилства во училиштата, намалување на семејното насилство, антикорупциска едукација на учениците, не дискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите, итн. Наставниците, стручните соработници и формалните органи во училиштето активно учествуваат во креирањето и подобрувањето на политиките како и во активностите за нивно остварување.

Дефинираните стратешките цели во развојната програма за подобрување на работата во училиштето за 4 години се: Оспособување на наставнците од предметна настава за успешно интегрирање на наставните содржини, Правилник за оддавање признанија и награди за наставен и ненаставен кадар кој вложува во своето усовршување, Воспоставување соработка со организации и здруженија од невладиниот сектор за реализирање на заеднички активности со цел подобрување на наставата, Подобрување и продлабочување на соработката со родителите и Унапредување на соработката со заедницата. Следење на инплементација на развојната програма е испланирано со утврдени одговорни лица и начин и време на следење. Во целост е реализирана стратешката цел за оспособување на наставниците за интегрирање на наставните

содржини. Училиштето ги информира наставниците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање.

# 8. Наоди и препораки

## 8.1 Силни страни

- Во училшниот заеднички простор има голем број пораки, паноа, цртежи со мултикултуролошка содржина
- Во училиштето има 4 сертифицирани наставници за давање прва помош на учениците,
- Учество на учениците на општински, регионални и државни натпревари во разни области и голем број освоени награди
- Училиштето има добра соработка со локалната заедница преку проекти, едукативни предавања и различни активности со учениците за различни воспитно – образовни цели,
- Училиштето ги зема во предвид мислењата и сугестиите на родителите
- Реализирањето на активностите од проектот за меѓуетничка интеграција е овозможено со финансиска поддршка од основачот.

## 8.2 Слаби страни

- Мал дел од учлниците не се опремени со паметна (смарт) табла во согласност со новата концпција
- Самоевалуацијата на училиштето не е составена согласно подрачјата од ДПИ утврдено во Законот за основно образование
- Училиштето нема пишана процедура за постапување во случај на кршење на правилата од страна на родителите.
- Во училиштето не е изведена симулација за постапување во случај на елементарна непогода.

## 8.3 Препораки

- Училиштето да ги продолжи активностите за доопремување на училниците со смарт табли
- Да се состви самоевалуацијата согласно подрачјата од ДПИ
- Училиштето да има пишана процедура за постапување во случај на кршење на правилата од страна на родителите.
- Да се изведе симулација за постапување во случај на елементарна непогода.

| | |
|---|---|
| Нада Николова, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Африм Салиу, член на инспекциски тим | |
| Соња Миладинова, член на инспекциски тим | |